Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Градоначалникот на Град Скопје донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот од интерес за Град Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот, условите и постапката за доделување на финансиски средства утврдени во Буџетот на Град Скопје, наменети за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот од интерес на Град Скопје утврдени со Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје.

**Член 2**

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

Согласно овој Правилник финансиските средства од Буџетот на Град Скопје можат да бидат доделени на спортски субјекти, спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции (во понатамошниот текст: правни лица), регистрирани во Централен регистар со седиште во Скопје кои ги исполнуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

## III. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

Постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот од интерес на Град Скопје утврдени со Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје ќе се спроведе со Јавен повик објавен од Град Скопје.
Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).
Јавниот повик ќе трае од денот на неговото објавување, но не помалку од 5 денови.

## IV. НАЧИН, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на финансиски средства на овој Правилник, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства за програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот во состав од претседател и 4 члена (во понатамошниот текст: Комисија).
Комисијата има задача:
- да ја спроведе постапката;
- да го утврди исполнувањето на критериумите и
- да достави предлог до Градоначалник на Град Скопје за усвојување на пријавите на оние апликанти кои ги исполнуваат условите.

**Член 6**

Потребната документација, апликантите ја поднесуваат во затворен плик до Комисијата (од член 5) преку Архивата на Град Скопје со назнака: До Сектор за јавни дејности – Комисија за спроведување на постапката за доделување на финансиски средства за програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот од интерес за Град Скопје.

Пријавата со потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, пополнета електронски, потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на апликантот.

Рачно пополнетите пријави воопшто нема да бидат разгледувани.

Ненавремено доставените пријави, Комисијата нема да ги разгледува.

**Член 7**

По завршување на Јавниот повик, претседателот на Комисијата (од член 5), свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

За текот на одржаниот состанок се води Записник.

Во Записникот, Комисијата констатира дали пријавите се навремени и комплетни, и дали ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Правилник.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите согласно член 10 од овој Правилник, Комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Град Скопје за доделување на финансиски средства на апликантите.

Пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат критериумите согласно член 10 од овој Правилник, Комисијата ги отфрла со Заклучок.

Комисијата ќе ги прифати пријавите кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со овој Правилник ќе обезбедат најмалку 60 бодови.

**Член 8**

Предлогот за доделување на финансиски средства го потпишува претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот на Град Скопје.

Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства.

Комисијата ги известува подносителите чии пријави се прифатени.

Комисијата ги известува и подносителите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 10 од овој Правилник.

Комисијата ги известува подносителите доколку се поништи Јавниот повик и не се донесе Решение за доделување на финансиски средства.

**Член 9**

Апликантите кои учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на условите се должни да достават:

- Пополнета пријава (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
- Програма и финансиски план за реализација на спортски програми, проекти, програмски активности и манифестации;
- Решение за вршење дејност спорт (за спортските клубови), издадено од Министерството за Спорт или Агенцијата за млади и спорт;
- Копија од Решение за упис во Централен Регистар на Република Северна Македонија;

- Копија од Тековна состојба на субјектот не постара од 6 месеци, издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија;
- Телефон за контакт, адреса и е-маил адреса;
- Потврда од банката за активна трансакциска сметка на спортскиот субјект;
- Потврда дека спортскиот субјект е член на соодветната национална спортска федерација (за спортските клубови) и доколку спортскиот субјект со своите програми и активности учествува во ранг на натпреварувачка лига организирана од соодветната национална спортска федерација, да се достави потврда од федерацијата за рангот на натпреварувањето;
- Референтна листа за спортските успеси и резултати во изминатите три години, поткрепени со докази од соодветните национални спортски федерации или други спортски институции.

## V. ОПШТИ И БОДОВНИ КРИТЕРИУМИ

**Член 10**

Согласно Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје, се утврдуваат општите и бодовните критериуми во областа на спортот за доделување на финансиски средства за следните програми, проекти, програмски активности и манифестации:

### а) ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈА „ИЗБОР НА НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТКИ И СПОРТИСТИ, ТРЕНЕР И ЕКИПА НА ГРАД СКОПЈЕ“

**Општи критериуми:**
- Број на организирани на ваков или сличен тип на манифестации;
- Стручност и искуство на апликантот за спроведување на манифестации;
- Предложена програма за организација и реализација на избор на најдобрите спортистки и спортисти, тренер и екипа на Град Скопје и
- Остварени организациски резултати.

**Бодовни критериуми:**

| **Критериум 1**<br>**Број на организирани на ваков или сличен тип на манифестации** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
|---|---|
| од 31 до 40 одржани манифестации | 21 - 30 |
| од 21 до 30 одржани манифестации | 11 - 20 |
| од 11 до 20 одржани манифестации | 6 - 10 |
| од 5 до 10 одржани манифестации | 0 - 5 |
| **Критериум 2**<br>**Стручност и искуство на апликантот за спроведување на манифестации** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Апликантот има организационен одбор кој има во целост стручност и искуство за да ја спроведе манифестацијата | 21 - 30 |
| Апликантот има организационен одбор кој има делумна стручност и искуство за да ја спроведе манифестацијата | 11 - 20 |
| Апликантот има организационен одбор кој има минимална стручност и искуство за да ја спроведе манифестацијата | 0 – 10 |

| Критериум 3<br>**Предложена програма за организација и реализација на избор на најдобрите спортистки и спортисти, тренер и екипа на Град Скопје** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
|---|---|
| Предложената програма целосно соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 16 - 20 |
| Предложената програма во некои точки соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 11 - 15 |
| Предложената програма многу малку соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 0 - 10 |
| **Критериум 4**<br>**Остварени организациски резултати** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Апликантот има целосно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 16 - 20 |
| Апликантот има делумно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 11 - 15 |
| Апликантот има минимално остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 0 - 10 |
| **Максимален број бодови за освојување по сите четири критериуми е 100** | |

## б) ТРАДИЦИОНАЛНИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

**Општи критериуми:**
- Број на одржани традиционални манифестации;
- Статус и категорија на меѓународни натпревари (првенства);
- Број на држави учеснички;
- Број на учесници;
- Тип на манифестација од интерес за Град Скопје и
- Стручност и искуството на апликантот за спроведување на манифестации.

**Бодовни критериуми:**

| **Критериум 1**<br>**Број на одржани традиционални манифестации** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
|---|---|
| од 41 до 50 одржани манифестации | 21 - 25 |
| од 31 до 40 одржани манифестации | 16 - 20 |
| од 21 до 30 одржани манифестации | 11 - 15 |
| од 11 до 20 одржани манифестации | 6 - 10 |
| од 5 до 10 одржани манифестации | 0 - 5 |
| **Критериум 2**<br>**Статус и категорија на меѓународни натпревари (првенства)** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Во календар на некоја светска спортска федерација | 16 - 20 |
| Во календар на некоја европска спортска федерација | 11 - 15 |
| Меѓународни натпревари во балканска конкуренција | 6 - 10 |
| Подготвителни турнири во сениорска и младинска конкуренција | 0 - 5 |

| Критериум 3<br>Број на држави учеснички | Вредност во бодови<br>Можни бодови |
|---|---|
| над 15 земји држави учеснички | 16 - 20 |
| од 11 до 15 држави учеснички | 11 - 15 |
| од 6 до 10 држави учеснички | 6 - 10 |
| од 1 до 5 држави учеснички | 0 - 5 |
| **Критериум 4<br>Број на учесници** | **Вредност во бодови<br>Можни бодови** |
| над 1000 учесници | 8 - 10 |
| од 500 до 1000 учесници | 5 - 7 |
| под 500 учесници | 0 - 4 |
| **Критериум 5<br>Тип на манифестација од интерес за Град Скопје** | **Вредност во бодови<br>Можни бодови** |
| Манифестацијата целосно соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 8 - 10 |
| Манифестацијата во некои точки соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 5 - 7 |
| Манифестацијата многу малку соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 0 - 4 |
| **Критериум 6<br>Стручност и искуство на апликантот за спроведување на манифестации** | **Вредност во бодови<br>Можни бодови** |
| Апликантот има организационен одбор кој има во целост стручност и искуство за да ја спроведе манифестацијата | 11 – 15 |
| Апликантот има организационен одбор кој има делумна стручност и искуство за да ја спроведе манифестацијата | 6 – 10 |
| Апликантот има организационен одбор кој има минимална стручност и искуство за да ја спроведе манифестацијата | 0 – 5 |
| **Максимален број бодови за освојување по сите шест критериуми е 100** | |

## в) МАНИФЕСТАЦИИ ОД ОСОБЕН ИНТЕРЕС ЗА ГРАД СКОПЈЕ

**Општи критериуми:**
- Статус и категорија на меѓународни натпревари (првенства);
- Број на држави учеснички;
- Број на учесници;
- Тип на манифестација од интерес за Град Скопје;
- Стручност и искуство на апликантот за спроведување на манифестации и
- Остварени организациски резултати.

**Бодовни критериуми:**

| **Критериум 1**<br>**Статус и категорија на меѓународни натпревари (првенства)** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
|---|---|
| Меѓународните натпревари се во календар на светска спортска федерација | 16 – 20 |
| Меѓународните натпревари се во календар на европска спортска федерација | 11 – 15 |
| Меѓународните натпревари се во балканска конкуренција | 6 – 10 |
| Натпреварите се подготвителни турнири во сениорска и младинска конкуренција | 0 – 5 |
| **Критериум 2**<br>**Број на држави учеснички** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| над 15 држави учеснички | 11 - 15 |
| од 11 до 15 држави учеснички | 6 - 10 |
| од 6 до 10 држави учеснички | 4 - 5 |
| 0д 1 до 5 држави учеснички | 0 - 3 |
| **Критериум 3**<br>**Број на учесници** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| над 500 учесници | 11 - 15 |
| од 100 до 500 учесници | 6 - 10 |
| под 100 учесници | 0 - 5 |
| **Критериум 4**<br>**Тип на манифестацијата од интерес за Град Скопје** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Манифестацијата целосно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 16 – 25 |
| Манифестацијата делумно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 6 – 15 |
| Манифестацијата минимално содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 0 – 5 |
| **Критериум 5**<br>**Стручност и искуство на апликантот за спроведување на манифестации** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Апликантот има организационен одбор кој има во целост стручност и искуство за да ја спроведе манифестацијата | 11 – 15 |
| Апликантот има организационен одбор кој има делумна стручност и искуство за да ја спроведе манифестацијата | 6 – 10 |
| Апликантот има организационен одбор кој има минимална стручност и искуство за да ја спроведе манифестацијата | 0 – 5 |
| **Критериум 6**<br>**Остварени организациски резултати** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Апликантот има целосно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 8 – 10 |
| Апликантот има делумно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 5 – 7 |

| | |
|---|---|
| Апликантот има минимално остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 0 – 4 |
| **Максимален број бодови за освојување по сите шест критериуми е 100** | |

## г) ПРОГРАМИ, ПРОЕКТИ, ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И МАНИФЕСТАЦИИ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

**Општи критериуми:**
- Број на учесници;
- Тип на програма, проект, програмска активност и манифестација од интерес за Град Скопје;
- Стручност и искуство на апликантот за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации и
- Остварени организациски резултати.

**Бодовни критериуми:**

| **Критериум 1<br>Број на учесници** | **Вредност во бодови** |
|---|---|
| | **Можни бодови** |
| над 200 учесници | 31 - 40 |
| од 100 до 200 учесници | 21 - 30 |
| од 50 до 100 учесници | 11 - 20 |
| под 50 учесници | 0 - 10 |
| **Критериум 2<br>Тип на програма, проект, програмска активност и манифестација од интерес за Град Скопје** | **Вредност во бодови** |
| | **Можни бодови** |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата целосно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 21 – 30 |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата делумно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 11 – 20 |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата минимално содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 0 – 10 |
| **Критериум 3<br>Стручност и искуство на апликантот за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации** | **Вредност во бодови** |
| | **Можни бодови** |
| Апликантот има организационен одбор кој има стручност и искуство во целост да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 11 – 15 |
| Апликантот има организационен одбор кој има делумна стручност и искуство да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 6 – 10 |
| Апликантот има организационен одбор кој има минимална стручност и искуство да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 0 – 5 |

| Критериум 4<br>Остварени организациски резултати | Вредност во бодови<br>Можни бодови |
|---|---|
| Апликантот има целосно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 11 – 15 |
| Апликантот има делумно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 6 – 10 |
| Апликантот има минимално остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 0 – 5 |
| **Максимален број бодови за освојување по сите четири критериуми е 100** | |

**д) ВРВЕН И НАТПРЕВАРУВАЧКИ СПОРТ НА ПРВОЛИГАШКИ И ТРОФЕЈНИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

**Општи критериуми:**

- Остварени спортски резултати на официјални меѓународни натпревари во изминатите три години;
- Остварени спортски резултати во своите национални првенства и национални купови во последните три години;
- Спортска историја на клубот – традиција на градот Скопје;
- Број на дадени репрезентативци од клубот во националните селекции;
- Годишна програма на клубот од интерес за Град Скопје.

**Бодовни критериуми:**

| Критериум 1<br>Остварени спортски резултати на официјални меѓународни натпревари во изминатите три години | Вредност во бодови<br>Можни бодови |
|---|---|
| Пласман од 1 – 8 место на официјални меѓународни натпреварувања | 21 - 25 |
| Пласман во групните фази на официјалните европски натпреварувања | 16 - 20 |
| Победи во квалификациите на официјалните европски натпреварувања | 11 - 15 |
| Учества во квалификациите на официјалните европски натпреварувања | 6 - 10 |
| **Критериум 2<br>Остварени спортски резултати во своите национални првенства или национални купови во изминатите три години** | **Вредност во бодови<br>Можни бодови** |
| Освојувач на шампионска титула во сениорска конкуренција во најсилната лига во националното првенство, или освојувач на националниот куп | 16 - 20 |
| Пласман од 2 – 5 место во сениорска конкуренција во најсилната лига во националното првенство, или вицешампион на националниот куп | 11 - 15 |

| | |
|---|---|
| Пласман од 6 – 8 место во сениорска конкуренција во најсилната лига во националното првенство | 6 - 10 |
| **Критериум 3**<br>**Спортска историја на клубот – традиција на градот Скопје** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Освоена светска или европска шампионска титула во изминатите 10 години | 16 - 20 |
| Пласман меѓу најдобрите четири екипи на меѓународни натпреварувања во изминатите 10 години | 11 - 15 |
| Пласман во групните фази на меѓународните натпреварувања во изминатите 10 години | 0 - 10 |
| **Критериум 4**<br>**Број на дадени репрезентативци во националните селекции** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Над 10 репрезентативци дадени во националните селекции | 11 - 15 |
| Над 5 репрезентативци дадени во националните селекции | 6 - 10 |
| Над 3 репрезентативци дадени во националните селекции | 0 - 5 |
| **Критериум 5**<br>**Годишна програма на клубот од интерес за Град Скопје** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Годишната програма на клубот целосно соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 16 - 20 |
| Годишната програма на клубот во неколку точки соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 11 - 15 |
| Годишната програма на клубот многу малку соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 0 - 10 |
| **Максимален број бодови за освојување по сите 5 критериуми е 100** | |

## ѓ) ПРОГРАМИ, ПРОЕКТИ, ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И МАНИФЕСТАЦИИ ПРЕКУ РАЗВОЈ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

**Општи критериуми:**

- Број на ученици вклучени во програмите, проектите, програмските активности и манифестациите на училишниот спорт на средните училишта;
- Тип на програма, проект, програмска активност и манифестација од интерес за Град Скопје;
- Стручност и искуство на апликантот за спроведување на средноучилишни програми, проекти, програмски активности и манифестации и
- Остварени организациски резултати.

**Бодовни критериуми:**

| **Критериум 1**<br>**Број на ученици вклучени во програмите, проектите, програмските активности и манифестациите на училишниот спорт на средните училишта** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
|---|---|
| над 1500 ученици | 31 - 40 |
| од 1000 до 1500 ученици | 21 - 30 |
| од 500 до 1000 ученици | 11 - 20 |

| | |
|---|---|
| под 500 ученици | 0 - 10 |
| **Критериум 2**<br>**Тип на програма, проект, програмска активност и манифестација од интерес за Град Скопје** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата целосно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 21 – 30 |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата делумно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 11 – 20 |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата минимално содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 0 – 10 |
| **Критериум 3**<br>**Стручност и искуство на апликантот за спроведување на средноучилишни програми, проекти, програмски активности и манифестации** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Апликантот има организационен одбор кој има стручност и искуство во целост да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 11 – 15 |
| Апликантот има организационен одбор кој има делумна стручност и искуство да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 6 – 10 |
| Апликантот има организационен одбор кој има минимална стручност и искуство да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 0 – 5 |
| **Критериум 4**<br>**Остварени организациски резултати** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Апликантот има целосно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 11 – 15 |
| Апликантот има делумно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 6 – 10 |
| Апликантот има минимално остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 0 – 5 |
| **Максимален број бодови за освојување по сите четири критериуми е 100** | |

## е) МАСОВЕН И РЕКРЕАТИВЕН СПОРТ

**Општи критериуми:**
- Број на учесници;
- Тип на програма, проект, програмска активност и манифестација од интерес за Град Скопје;
- Стручност и искуство на апликантот за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации и
- Остварени организациски резултати.

Бодовни критериуми:

| Критериум 1<br>Број на учесници | Вредност во бодови<br>Можни бодови |
|---|---|
| над 1000 учесници | 31 - 40 |
| од 500 до 100 учесници | 21 - 30 |
| од 100 до 500 учесници | 11 - 20 |
| под 100 учесници | 0 - 10 |
| **Критериум 2<br>Тип на програма, проект, програмска активност и манифестација од интерес за Град Скопје** | **Вредност во бодови<br>Можни бодови** |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата целосно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 21 – 30 |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата делумно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 11 – 20 |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата минимално содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 0 – 10 |
| **Критериум 3<br>Стручност и искуство на апликантот за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации** | **Вредност во бодови<br>Можни бодови** |
| Апликантот има организационен одбор кој има стручност и искуство во целост да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 11 – 15 |
| Апликантот има организационен одбор кој има делумна стручност и искуство да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 6 – 10 |
| Апликантот има организационен одбор кој има минимална стручност и искуство да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 0 – 5 |
| **Критериум 4<br>Остварени организациски резултати** | **Вредност во бодови<br>Можни бодови** |
| Апликантот има целосно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 11 – 15 |
| Апликантот има делумно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 6 – 10 |
| Апликантот има минимално остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 0 – 5 |
| **Максимален број бодови за освојување по сите четири критериуми е 100** | |

ж) УРБАНИ И ЕКСТРЕМНИ СПОРТОВИ

**Општи критериуми:**
- Број на учесници;
- Тип на програма, проект, програмска активност и манифестација од интерес за Град Скопје;

- Стручност и искуство на апликантот за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации и
- Остварени организациски резултати.

**Бодовни критериуми:**

| **Критериум 1**<br>**Број на учесници** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
|---|---|
| над 150 учесници | 31 - 40 |
| од 100 до 150 учесници | 21 - 30 |
| од 50 до 100 учесници | 11 - 20 |
| под 50 учесници | 0 - 10 |
| **Критериум 2**<br>**Тип на програма, проект, програмска активност и манифестација од интерес за Град Скопје** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата целосно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 21 – 30 |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата делумно содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 11 – 20 |
| Програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата минимално содејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Град Скопје | 0 – 10 |
| **Критериум 3**<br>**Стручност и искуство на апликантот за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Апликантот има организационен одбор кој има стручност и искуство во целост да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 11 – 15 |
| Апликантот има организационен одбор кој има делумна стручност и искуство да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 6 – 10 |
| Апликантот има организационен одбор кој има минимална стручност и искуство да ја спроведе програмата/проектот/програмската активност/манифестацијата | 0 – 5 |
| **Критериум 4**<br>**Остварени организациски резултати** | **Вредност во бодови**<br>**Можни бодови** |
| Апликантот има целосно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 11 – 15 |
| Апликантот има делумно остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 6 – 10 |
| Апликантот има минимално остварени организациски резултати кои се потребни за организирање на програми, проекти, програмски активности и манифестации | 0 – 5 |
| **Максимален број бодови за освојување по сите четири критериуми е 100** | |

## VI. ПОНИШТУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 11**

Град Скопје може да го поништи јавниот повик доколку:
- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 10;
- не се донесе Решение за доделување на финансиски средства по доставување на предлогот од Комисијата.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Град Скопје преку Секторот за јавни дејности и Секторот за финансиски прашања води евиденција на сите пријави со доделени средства од Буџетот на Град Скопје согласно овој Правилник и сите донесени Решенија од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 13**

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за спроведување на програми, проекти, програмски активности и манифестации во областа на спортот од интерес за Град Скопје со број 08-1502/1 од 12.02.2024 година.

**Член 14**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето.

Број 08 - 757/1
26.01.2026 година
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**Градоначалник на Град Скопје**
**Орце Ѓорѓиевски**